РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-3
од 02.02.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 год., бр.08-954/3 од 13.10.2023 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.3 (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 557, КО Обршани, општина Кривогаштани

1. Урбанистичкиот проект Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.3 (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 557, КО Обршани, општина Кривогаштани, се однесува на дел од КП бр.557 КО Обршани, Општина Кривогаштани.

Проектниот опфат се наоѓа на 2,6км североисточно од село Обршани, општина Кривогаштани, на 400м до 800м од река Блато.

Проектниот опфат го дефинираат следните граници:

-југоисток: југоисточната граница на опфатот се движи по југоисточната граница на КП 557 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2190, КО Обршани, општина Кривогаштани;
-запад: западната граица на опфатот се движи по средишниот дел од КП 557, КО Обршани, општина Кривогаштани;
-северозапад: северозападната граница на опфатот се движи по северозападната граница на КП 557 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2185, КО Обршани, општина Кривогаштани;
-исток: источната граница на опфатот се движи непосредно по заштитниот појас на меандриран канал, КП 2176, КО Обршани, општина Кривогаштани, односно се движи на растојание од 4,5м до 22м од источната граница на катастарската парцела и отсекува дел од најисточната страна на КП 557, КО Обршани, општина Кривогаштани, кој не влегува во проектниот опфат.

Вака дефинираниот опфат, го зафаќа западниот дел на КП 557, КО Обршани, општина Кривогаштани и површината на иститот изнесува 6.6ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајќи од **03.02.2024 година до 17.02.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**

Nikolche Miskoski
Digitally signed by Nikolche Miskoski
Date: 2024.02.02 15:23:09 +01'00'